**СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ**
**од Второто продолжение на Четириесет и петтата седница на Собранието на Република Македонија,**
**одржана на 30 мај 2000 година**

Седницата се одржа во сала 1 на Собранието на Република Македонија, со почеток во 12,10 часот.

Седницата ја отвори и на неа претседаваше г-динот Томислав Стојановски, потпретседател на Собранието.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Бидејќи се исполнети условите за работа, продолжуваме со Четириесет и петтата седница на Собранието на Република Македонија.

Пратениците Радмила Шеќеринска, Александар Талевски, Валентина Божиновска, Ѓулистана Марковска и Милан Ставрев ме известија дека од оправдани причини не се во можност да присуствуваат на седницата.

Ве молам да притиснеме на едно од копчињата за гласање за да го утврдиме и бројот на физички присутни пратеници во салата.

(На мониторот е прикажана бројка на 66 пратеници кои подигнале картичка, а 55 присутни пратеници во салата.)

(Во меѓувреме уште пратеници влегуваат во салата).

Ве молам, по втор пат притиснете на едно од копчињата за гласање.

(Повторно на мониторот се прикажува помал број на пратеници од потребниот за отпочнување со работа.)

(Во меѓувреме сеуште влегуваат пратеници во салата).

Ве молам, притиснете по трет пат на едно од копчињата за гласање заради утврдување на бројот на присутните пратеници во салата.

(На мониторот повторно се прикажани бројките 70 за подигнати картички и 60 за присутни пратеници во салата).

Ве молам, луѓето од Службата нека ги избројат физички присутните пратеници во салата.

(По пребројувањето).

Констатирам дека се исполнети условите за да продолжиме со работа.

Констатирам дека на седницата присуствува мнозинството пратеници на Собранието и дека Собранието може да одлучува полноважно.

Продолжуваме со претрес по Информацијата за потреба од склучување на конвенција...

(Пратеникот Амди Бајрам бара збор процедурално).

Ве молам, Ви соопштувам по која точка продолжуваме со работа, зошто процедурално барате збор?

Ве молам, да ја соопштам точката, па потоа јавете се.

Продолжуваме со претрес по Информацијата за потребата од вклучување Конвенција за заштита на малцинствата меѓу Република Македонија и Република Албанија.

За збор се јави г-динот Фатмир Етеми, но пред тоа процедурално бара збор г-динот Амди Бајрам.

Ве молам, ако е по оваа точка г-дине Амди Бајрам, ако не вратете се назад.

**АМДИ БАЈРАМ:**

Тоа што сакам да го кажам е околу сите работи.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Дали е тоа по оваа точка од дневниот ред?

**АМДИ БАЈРАМ:**

Околу сите работи.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Не околу сите работи, само по точката.

**АМДИ БАЈРАМ:**

Пред да почне седницата имам право да кажам.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Расправата по оваа точка продолжува, а не почнува.

Ве молам, г-дине Етеми имате збор.

**АМДИ БАЈРАМ:**

Мислам дека ништо не е, ова е добро за Македонија.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Ако, јави се за збор.

**АМДИ БАЈРАМ:**

Добро, нема проблем.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Има збор г-динот Фатмир Етеми, а после него нека се подготви за збор г-динот Абдула Алиу.

**ФАТМИР ЕТЕМИ:**

Почитуван потпретседател, почитувани дами и господа пратеници, деловничко право е на секој пратеник, па и на г-динот Андов да предложи Информација или да покрене иницијатива, да предложи одлука или некоја препорака, конвенција или заклучоци. Но Предлогот на информацијата за потребата од склучување Конвенција за заштита на малцинствата меѓу Република Македонија и Република Албанија е неприфатлива за Албанците. Ова понатаму ќе го образложам подетално. Можеби тука има и некои технички грешки и формулации. Така, мислам дека зборот Информација треба да се замени со зборот иницијатива.

Предлогот од искусниот политичар г-динот Андов, начинот на предлагање, формата и целта ми дава за право да се сомневам во неговите добри намери. Имам многу дилеми што мислам дека треба да ги разјасниме. Мислам дека вакви иницијативи може да се покренат и од пратеници, но за посодржајни информации од оваа област е надлежна Владата, поточно Министерството за надворешни работи и претседателот на Република Македонија. Изгледа пратеникот има поголеми информации и од државните институции.

Мислам дека точката требаше да се повлече уште пред да се усвои дневниот ред, бидејќи за ваков предлог мислам дека треба да има поширок консензус меѓу партиите. За мене е неприфатливо, за мојот народ тука во Македонија да решава некој друг за неговата судбина и за правата на Албанците.

Во Предлог Конвенцијата за соработка меѓу Република Македонија и Република Албанија за заштита на македонското малцинство и албанското малцинство не се согласувам и со формулацијата "албанско малцинство".

Уставна категорија е албанска националност, што во суштина е исто, но сепак е уставна категорија. Иако овој статус за Албанците бил и ќе биде неприфатлив, начелно се согласувам сите малцинства да ги уживаат сите права, апсолутно сите права, бидејќи ние Албанците знаеме што е дискриминација, што е да си не рамноправен, што е некој да ти ги ограничува правата. Затоа, ние Албанците како пратеници и како обични граѓани во никој случај не сме против малцинствата да не ги уживаат своите права, а во овој конкретен случај и за македонското малцинство во Албанија, па и во Грција, Бугарија, Србија и т.н.

Значи, една работа да биде јасна, да расчистиме. Ние сме докрај да се почитуваат и унапредуваат правата на македонското малцинство во Албанија или било каде тие да живеат, но апсолутно не се согласуваме тука да ги ограничува некој нашите права или да влече паралела со едно малцинство во друга држава. Пристапот на решавањето на ова прашање е вештачки и анахроно.

Да го потсетам г-динот Андов дека од сите соседи само Република Албанија ја признава Република Македонија со уставното име, го признала Македонскиот народ, го признала македонскиот јазик и писмо, го признала и македонското национално малцинство што живее во Албанија. Се прашувам што е со другите соседни држави. Грција не не признава со уставно име, не признава македонско малцинство во Грција. Во Бугарија како што знаеме, Уставниот суд го отпишал 0М0 Илинден. Исто така, не го признава македонското малцинство. Во Србија дефакто има Македонци, но дејуре никаде ги нема. Значи, единствено Република Албанија не признава со сите белези на една држава.

Еден од претходните дискутанти, мислам дека беше мојот колега Александар Трпевски кажа дека албанската држава за Македонци ги признава само оние кои се со православна вероисповест. Мислам дека и тука во Македонија уставотворците и ние имаме воен аршин и секогаш се манипулира што се македонските муслимани, што се Македонците со православна вероисповест и оттука произлегуваат различни бројки со бројот на Македонците што живеат во Албанија, што се споменуваат тука со бројка од 120 до 200 илјади и тие што се официјално прикажани од албанската држава. Очигледно, тука има големи разлики.

Сакам да истакнам дека во Македонија според нашиот Устав нашата држава се формулира или именува како православна држава на Македонската православна црква и другите верски заедници. Ве прашувам зошто не се потенцира и Исламската верска заедница и зошто со Устав не се признава дека Македонскиот народ и припаѓа на Македонската православна црква и на Исламската верска заедница. Значи, тука има дилеми кај уставотворците. По се изгледа, големи се недоразбирањата за граѓаните со Исламска вероисповест, на кои мајчин јазик им е македонскиот. Оваа појава и кај нас е позната. Имено, факт е дека за националниот идентитет на овие

граѓани има и меѓу научниците Албанци и научниците Македонци, но уште позначајно е што мислам дека има разлика и меѓу самите научници Македонци. Имено, имам мислење според кое овие граѓани од корен се дел од Македонскиот народ, кои во текот на вековите добиле одделни црти и карактеристики и треба да се сметаат за посебна етничка група. Едно вакво објаснување даваше и покојниот професор д-р Јаким Синадиновски.

Меѓутоа, по мое мислење, дури и мислењето на научниците не преставува доволна основа една држава овие граѓани да ги смета за припадници на едно национално малцинство. Најбитен фактор е нивната изјава на официјалниот попис на соодветната држава, кој неоспорно кажува што се чувствуваат тие самите.

Како што ни е познато, нашите граѓани со исламска вероисповест, на кои мајчин јазик им е македонскиот, на досегашните пописи на Република Македонија, некои од тие граѓани, се изјаснуваа и како Грци. Или Албанците православни што живеат тука во Долна Река, се изјаснуваат како Македонци. Слободното изјаснување мислам дека е главниот фактор за националната припадност.

Сепак, мислам дека од оваа Информација за потреба од вклучување Конвенција за заштита на малцинствата меѓу Република Македонија и Република Албанија има многу политика, каде во време кога односите меѓу Македонија и Албанија одат на нагорна линија, засновани на здрави подлоги, мислам дека на некого му пречат овие односи и целта не е душегрижништвото за македонското малцинство во Албанија, туку ограничување на правата на Албанците тука во Македонија, или можеби некоја друга цел, како што е блокада на Спогодбата за признавање на дипломите - можеби тука мисли г-динот Андов да даде мал отпор за амортизирање на прашањето на високото образование на Албанците тука.

Го прашувам предлагачот зошто ваква конвенција не предложи да се усвои и со другите соседи, со Грција, со Бугарија, Србија. Очигледно, проблемите со овие соседи се многу поголеми. Мислам дека Предлогот би бил прифатлив ако се преформулира и подготви мултилатерален договор или спогодба за добро соседство, соработка и разбирање со сите соседни држави.

На крајот, му предлагам на предлагачот да направи неколку измени во Предлог конвенцијата и да додаде неколку членови.

1. Доколку има пратеници од македонското малцинство во Албанскиот парламент, предлагам пратениците да зборуваат на мајчин јазик, Македонците во Албанија, исто така Албанците тука во Македонија

2. Доколку има 5 пратеници од македонско национално малцинство да им се признае статусот на конститутивен елемент на државата и обратно, ние како 25 пратеници тука.

3. Во јавните претпријатија и државната администрација да се зачува соодносот при вработувањето, односно предлагам пропорционално вработување базирано врз национална припадност.

4. Ако има 15% ученици од македонското малцинство во основните училишта во Албанија и 30% ученици Албанци, колку што има ученици Албанци тука во Македонија, предлагам да има државен универзитет на мајчин јазик.

5. Предлагам Македонскиот народ каде и да живее да се категоризира освен православен и народ со исламска вероисповест.

6. Предлагам слободно погранично движење на граѓаните на двете држави без визи и без пасоши.

7. Предлагам ваква конвенција да се усвои и со другите соседи, Грција, Бугарија и Србија, каде што мислам дека е суштина на целта на предлагачот Андов.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Има збор г-динот Абдула Алиу.

Нека се подготви г-динот Рубенс Наумовски.

**АБДУЛА АЛИУ:**

Почитуван потпретседател, почитувани пратеници, предлогот на пратеникот г-дин Стојан Андов, Информација за потребата од склучување Конвенција за заштита на малцинствата меѓу Република Македонија и Република Албанија, со Предлогот на заклучокот што треба да го усвои Собранието на Република Македонија, заедно со Предлогот на работен текст Конвенција за соработка меѓу Република Македонија и република Албанија и заштитата на македонското и албанското национално малцинство е ставен на дневен ред без да имаме мислење од Владата на Република Македонија. Значи имаме еден вид преседан.

Ако слободата на пратеникот не може да се ограничи на тоа што ќе предложи пред Собранието, деловнички треба да се бара предлогот да биде во согласност со уставната терминологија, посебно ако употребената терминологија ги навредува чувствата на граѓаните на РМ, а уште полошо е кога се работи за меѓунационални односи во една мултиетничка држава како што е Република Македонија.

Сакам да кажам дека самата содржина на предложената конвенција, а и самиот наслов на Конвенцијата се против уставните одредби. Уставот на РМ од 1991 година не ги познава термините албанско малцинство или пак македонско малцинство. Предлагачот нарочно сака да излезе надвор од уставната рамка, бидејќи со Уставот на Република Македонија Албанците кои живеат во РМ, како автохтони се нарекуваат националност.

И предлагачот тоа добро го знае, бидејќи кога се расправаше за овој термин, тој беше претседател на Собранието и знае дека терминот национално малцинство одамна е напуштен и е заменет еднаш со народност, а сега со националност, како компромис меѓу термините народ и национално малцинство. Што значи националност ако не е народ. Тогаш треба да биде најмалку национално малцинство плус.

Предлагачот не го почитува ниту членот 49 од Уставот на Република Македонија каде е предвидено: "Републиката се грижи за положбата и правата на припадниците на Македонскиот народ во соседните земји".

Што значи Република Македонија ги третира како припадници на Македонскиот народ и не се меша во тоа како ќе се викаат тие, дали народ, националност, или национално малцинство или пак етничка група.

Од каде правото на г. Андов дека се работи за македонско национално малцинство. Република Албанија и етничките Македонци се тие кои ќе одлучат за статусот на припадниците на Македонскиот народ, бидејќи Република Албанија го признава Македонскиот народ и Македонскиот јазик како и самата Република Македонија како суверена држава.

Ако се чита содржината на предложената конвенција, се добива впечаток дека заштитата на националните малцинства во Република Македонија и во Република Албанија не се уредени, односно дека има проблеми во тој поглед, што не е точно. Ова од причина дека Република Албанија како и Република Македонија се потписнички на мултилатерални, односно меѓународни конвенции и другите акти со кои се уредува заштитата на националните малцинства како што се: Универзална декларација за човекови права, Меѓународен пакт за економски, социјални и културни права, Меѓународен пакт за граѓанските, политичките и културните права, Конвенција за елиминирање на сите форми на расна дискриминација, Европска конвенција за заштита на човековите права и основните слободи и Протоколот I, IV, VI и VII, Рамковната конвенција за заштита на националните малцинства, Завршен документ на КЕБС од Хелсинки, Завршен документ на Виенски состанок, Документот со ставот на Конференцијата за човековата димензија на КЕБС во Копенхаген, Париска повелба за нова Европа и Повелбата за регионални малцински јазици, како и многу други меѓународни акти од понизок ранг.

Со потпишувањето, односно ратификацијата на овие меѓународни документи, секоја држава се обврзува да ги почитува, бидејќи меѓународните договори добиваат сила на национално законодавство и како извор на правото тие се во предност, ако се споредуваат со законите што ги носиме ние во ова Собрание. Така е предвидено со Уставот на Република Македонија член 118. "Меѓународните договори што се ратификувани во согласност со Уставот се дел од внатрешниот поредок и не можат да се менуваат со закон". Слично предвидува и член 16 од Уставот на Република Албанија каде се кажува: "Нормативните акти кои имаат сила на целата територија на Република Албанија се Уставот, ратификуваните меѓународни договори", законите и др.

Како што гледате и во Република Албанија меѓународните договори се над собраниските закони како извор на правото. Ова досега што цитирав е доволно да се каже дека конвенцијата е непотребна, бидејќи заштитата на човековите права и правата на националните малцинства се под јурисдикција на меѓународното право. Сега постои Меѓународен суд за заштита на човековите права со седиште во Стразбург на кого може да му се обрати секој граѓанин ако ги исцрпи сите судски инстанци во својата земја.

Одлуките на овој суд се облигаторни за Владата на соодветната држава.

Предлогот на г. Андов за склучување на Конвенција за заштита на националните малцинства меѓу Република Македонија и Република Албанија ако е добронамерна треба да се повлече. Припадниците на Македонскиот народ кои живеат во Република Албанија треба да ги имаат сите права како граѓански, така и национални предвидени со меѓународните стандарди. Како што е познато припадниците на Македонскиот народ не живеат компактно. Затоа треба и ова да се земе во предвид за реализирањето на своите права. Бидејќи како што пишува и господин Трајче Илиевски, Македонците живеат скоро низ цела Албанија поради што отсуствува елементот на концентрација, густина, што во голема мера во практиката неповолно се одразува врз нивното малцинско живеење.

Фактот што со Конвенцијата за заштита на малцинствата предлагачот ги поистоветува Албанците во Република Македонија со Македонците во Република Албанија е неприфатливо за сите државјани на Република Македонија од албанска националност. Предлогот на господинот Андов може да е во некоја врска со одлуката за формирање на македонски конгрес за Албанија донесена на осмото генерално собранието на Светскиот македонски конгрес во 1999 година во Скопје. Некои пратеници од ова Собрание мислат дека стандардите за малцинските права се применуваат во Македонија и во основа се далеку над нивото на меѓународното право, дека Македонија како држава се луксузира и на малцинствата им дава повеќе права отколку што ним им припаѓаат според меѓународните договори.

Оттука лесно може да се види нивната намера дека во Република Македонија има место за ограничување на правата на националностите, или пак да се воспостави начелото на реципроцитетот.

Се сака да се споредуваат две неспоредливи нешта, се сака Албанците да прифатат со свој потпис дека се национално малцинство и така да се одречат од правото на самоопределување или да отстапат од барањата за конститутивен народ, да немаат право на суверенитетот во Република Македонија, односно да не се повикуваат на меѓународните документи и тие да живеат како народ во заедничка држава, иако од Крушевската република до денес дадоа голем придонес за самостојноста на Република Македонија.

Албанците во Република Македонија можат да бидат само народно малцинство, а не национално малцинство. Албанците се втор народ во Република Македонија, односно над 1/3 од мнозинскиот народ и немаат ништо заедничко со дефинирањето на малцинствата иако се знае дека до денес не постои прифатена дефиниција за национално малцинство. Албанците во Република Македонија политички се релевантен и важен фактор за просперитетот и стабилноста на државата и не прифаќаат да бидат фолклорен раритет, туку се рамноправен, активен чинител на вкупната политика во својата држава во која живеат. Правата на Албанците во Република Македонија ако се споредуваат со уставните решенија од 1974 година се многу ограничени, што сигурно не е прифатливо за нас Албанците, а и за самата демократија што ја очекуваме во новото плуралистичко општество.

Албанците не само што инсистираат да ги вратат своите ускратени права предвидени со уставните решенија од 1974 година, туку сакаат да го вратат и правото за признавање на статус на конститутивен народ. Незадоволството на Албанците е од моментот на усвојувањето на Уставот без поддршка на Албанците, како и заради не реализираните национални права, кои како такви им припаѓаат и на националностите.

Собраниската декларација од 27.02.1977 година во врска со Рамковна Конвенција за заштита на националните малцинства усвоена од Комитетот на министрите на Советот на Европа на 10.11.1994 година предвидува дека изразот национални малцинства употребен во Рамковната конвенција за заштита на националните малцинства соодвествува, идентична е со изразот националности, кој се употребува во Уставот и законите на Република Македонија.

Со оваа декларација на индиректен начин националностите се претвораат во национални малцинства, спротивно на Уставот на Република Македонија, односно без изменување на уставната одредба, Албанците се споредуваат со другите националности, односно со Турците, Ромите, Србите кои воопшто не се спомenати во Уставот. Албанското прашање во Република Македонија е отворено и ќе се бараат по институционални прашања, соодветни институционални решенија, бидејќи од решенијата на ова прашање ќе зависи и иднината на Република Македонија, чиј интерес е да просперира и да се вклучи во сите европски и светски организации, за чиј прием и самите Албанци се многу заинтересирани. Албанското прашање се

наметнува во Република Македонија како прашање на еден народ кој живее заедно со мнозинскиот Македонски народ. Албанците во Република Македонија се разликуваат од другите националности според етничка, историска, територијална, јазична и културна компактност. Албанците во Република Македонија живеат на своите етнички територии и се етнички автохтони староседелци. Албанците во Република Македонија во своите етнички територии се мнозински народ. Албанците според официјални податоци чинат 23% од вкупното население, а во реалноста овој процент е многу поголем.

Овие се многу важни факти за одредување на правниот статус на Албанците во Република Македонија. Актуелниот Устав на Република Македонија Албанците не ги третира како конститутивен народ, туку како националност. Албанците во Република Македонија секогаш биле конститутивен елемент на државноста на Република Македонија од Крушевската Република 1903, АСНОМ 1944 до Уставот на Социјалистичка Република Македонија 1974 година.

Уставните промени кои не очекуваат во блиска иднина ќе го решат и овој реален проблем, односно проблем кој практично постои. Праксата покажува дека Албанците учествуваат во власта по пат на национална припадност. Кај Албанците во Република Македонија секогаш постои висока свест дека се политички субјект и потполно рамноправно со Македонскиот народ, имаат право да бидат носители на сувереноста. Уставните формулации за положбата на Албанците воопшто, посебно за употребата на јазикот и другите национални права, посебно забраната за рамноправно универзитетско образование на мајчин јазик, односно игнорирање на неколку илјади студенти од тетовскиот Универзитет, како да не се државјани на Република Македонија, како да не се граѓани кои заслужуваат една минимална почит од надлежните органи, по однос на непризнавање на тетовскиот Универзитет како трет државен Универзитет во Република Македонија ги навредува чувствата на Албанците, кои со векови живеат заедно со Македонскиот народ, кои никогаш не биле во некој етнички конфликт, напротив заедно војувале против заедничкиот окупатор.

Албанците во Република Македонија не бараат никаква промена на постојните граници на Република Македонија, туку бараат да им се признае статус на државотворен народ, да им се признае право на образование во јавни образовни институции во сите степени, да им се признае правото на службена употреба на албанскиот јазик и писмо, пропорционално, односно адекватно учество на Албанците во вршењето на власта, право на употребата на националните симболи и друго.

Народно мнозинство не треба да се хомогенизира против барањата на Албанците во Република Македонија, која како таква е мултиетничка држава, а уставно треба да биде бинационална, односно мултинационална држава. Во спротивно ќе се загрози нашето општество, или ќе имаме зголемување на нелојалноста на другите националности.

Република Македонија има сознанија како се решени слични меѓунационални проблеми во мултиетничките европски држави. Разликата е во тоа што европските држави овие проблеми ги решиле пред повеќе децении. Македонија како нова држава сега е на потег да одлучи кој пример е по адекватен за нас. Можат да се споредат со Белгија, Швајцарија, Холандскиот остров во Финска, Руска федерација, Канада и многу други држави. Од сите споменати држави за наши услови поадекватни се некои решенија што ги содржи Белгискиот Устав. Македонија може да се состои од етно територијални и етно јазични региони. Македонија ќе се регионализира или кантонизира според национална припадност на локалното население и според јазичната припадност. Некои прашања се апсурдни за некои од нас, меѓутоа со една добра политичка волја многу лесно можат да се решат како што се меѓуетничките односи во Република Македонија и да станеме пример за другите балкански држави. Досега тоа го покажавме со избегнување на војната, која не беше многу далеку од нас.

Се надевам дека Република Македонија нема да влезе во синдромот на конфликтите. Со новите уставни решенија нема да се задира во територијалниот интегритет на Република Македонија и ова може да се гарантира од страна на меѓународните организации, европските интеграции, или пак евентуално некоја балканска конфедерација можат да помогнат во решавањето на меѓуетничките проблеми во Република Македонија и на некој уште попримерен начин каде што барањата на Албанците нема да предизвикаат недоразбирања во регионот.

Конвенцијата за заштита на малцинствата не помага во меѓуетничка

толеранција што подразбира подготвеност отворено да се дебатира за сите прашања. Ние пратениците Албанци барањето на господинот Андов за почитување на правата на Македонците во Република Албанија го поддржуваме, но се противиме што тоа го поврзува и условува со правата на Албанците во Република Македонија, иако добро знае дека ние нашите права не сме ги поврзале со правата на самите Албанци во Република Македонија, а како сега после 5, 10 години ќе ги поврзуваме со правата на припадниците на Македонскиот народ во Република Албанија?

**АБДУЛА АЛИУ:** (Продолжение)

Нашите национални права, не можат да зависат од волјата на оваа, или некоја друга Влада. РМ има проблеми со дел од својот народ, кој живее во соседните земји, но тие проблеми се најмалку токму во Република Албанија, која е единствена држава на Балканот која не го оспорува Македонскиот јазик, односно идентитет, односно Македонија како самостојна држава, заедно со Македонскиот народ.

Албанската националност и македонското малцинство во Република Албанија, немаат ништо заедничко. Иако, во некои лоши времиња, иако имаме некои лоши времиња, тогаш ќе се бара да се воспостави реципроцитет, а тоа ќе значи ограничување на правата на Албанците, во однос на тоа што го имаат сега, а што, нема да биде прв пат. Така ќе се редискриминираат граѓаните, поради политичките побуди. Денеска, сеуште, на правата на националните малцинства се гледа рестриктивно.

Почитувани пратеници, информацијата за потребата за склучување на Конвенција за заштита на малцинските права меѓу РМ и Република Албанија, нема за цел да помогне во заштитата на правата на малцинствата во Република Албанија, туку е еден обид за поистоветување на статусот на Албанците во РМ, со статусот на Македонците во Република Албанија. Тоа значи директно ограничување на правата на Албанците во РМ и обид, да се намали одговорноста на РМ пред меѓународната јавност, за непочитување на меѓународните одлуки од оваа власт.

Бидејќи поединци, како што е и самата власт се спремни да ги остават Македонците во Република Албанија, не само без малцинските права, туку и повеќе, се со цел Албанците да не ги уживаат своите права во РМ, иако се свесни дека тоа е невозможно.

Предлагачот на оваа Конвенција длабоко е вовлечен во некоја шема, која се креира надвор од РМ. Мислам дека не е стандарден собранискиот акт, бидејќи вакво нешто може да се предлага, кога имате стабилни меѓуетнички односи во земјата, односно кога имате постигнато консензус по овие прашања. На тоа треба да му претходи дипломатска активност и дури потоа, можат да се стават на дневен ред вакви предлози.

Предлогот на г-динот Андов, лесно може да биде непромислен акт, против интегритетот и суверенитетот на територијата на РМ, односно да се контаминираат меѓуетничките односи.

Фактот, дека постои поделба во Собранието, по етничка припадност, по ова прашање, е доволна констатација, дека одлуката може да се усвои, само со мајоризација, а не со консензус.

Како потсетување, мајоризацијата, според пишувањето на научниците, претставува надгласување, донесување одлука, која ги погодува битните интереси на малцинството, со нејзино изгласување, од страна на мнозинството.

Значи, станува збор за донесување на одредена одлука, за некое прашање за кое мнозинството не е подлабоко заинтересирано, или пак со таа одлука си обезбедува себеси некоја погодност, а малцинството кое е надгласано е погодено во некој суштински интерес.

Собранието на РМ, кога става на дневен ред теми, кои задираат во меѓунационалните односи, е должно одлуките да ги донесува со консензус, или како што се изразуваат научниците, со еден разумен консензус. Само ова има перспектива во РМ. Во спротивно, сите ќе бидеме одговорни за судбината на нашата држава, во која сите граѓани се еднакви, во правата и слободите, независно од полот, расата, бојата на кожата, национално и социјално потекло, политичкото и верското убедување, имотната и општествената положба. За мене, секој граѓанин на РМ има право и должност да се ангажира, ова уставно начело да не остане само на хартија, туку да биде реалност за сите нас.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Има збор г-динот пратеник Рубенс Наумовски, а нека се припреми г-динот пратеник Аце Сајковски.

**РУБЕНС НАУМОВСКИ:**

Почитуван потпретседателе, почитувани колеги пратеници, како точка на дневен ред ни е Информацијата за потребата од донесување на Конвенција за заштита на малцинствата во РМ и Република Албанија.

Мислам дека доста се дебатираше и незнам колку и што ново јас ќе кажам, меѓутоа, чувствувам потреба и јас да се произнесам по оваа точка и за ова јас би ја нарекол, иницијатива одколку информација.

На самиот почеток ќе кажам дека оваа иницијатива, односно информација за потребата од донесување на ваква конвенција, ја гледам сосема позитивистички и по малку се зачудувам за толкавиот отпор за оваа информација. Гледам само една добронамерност и целисходност, која би била од корист и за РМ и за Република Албанија. Што има лошо во тоа, да се регулираат правата и заштитата на малцинствата и во РМ и во Република Албанија и преку една ваква конвенција и покрај постоењето на меѓународни конвенции, протоколи, декларации итн.

Една ваква билатерална конвенција, не ја исклучува можноста, за понатамошна употреба на сите меѓународни конвенции, декларации и протоколи. Напротив, таа е чекор напред и можеби, чекор, кој би бил пример и за другите земји балкански, па и европски, бидејќи, не само што ќе се заштитат правата на малцинствата, што сигурно е од општ интерес, туку ќе се воспостават и односите меѓу двете држави, би требало да одат во една подобра насока, а и односите на националностите, на националните групации, Македонци и Албанци, со една ваква конвенција, која би била на ниво на двете држави, сигурно би значело и подобрување на националните односи во Македонија и во Албанија.

Се поставија многу прашања за разликите на третманот на Македонците во Албанија и на Албанците во Македонија. Не би се согласил, правата, токму со тие конвенции и декларации се кажани и без разлика на процентот, правата се права и човечките потреби на тие луѓе и во Македонија и во Албанија се разбирливи. Зошто само со Албанија? Точно е, ќе признаеме, како што признаа и претходните, дека третманот на Македонците во Албанија е најдобар од сите соседни држави. Бидејќи во Грција, не може да стане збор за признавање на Македонскиот народ и постоење на македонско малцинство во Грција. Точно е и дека односите меѓу Албанија и Македонија, од тој аспект, се во најдобра состојба, бидејќи Македонците во Албанија биле третирани најдобро и можеби, со најголеми права од другите соседни држави. Тоа е еден предуслов да одиме чекор напред и со една ваква конвенција да го до регулираме и официјализираме на ниво на држави, дека и оваа држава и таа држава, токму сме за градење на такви искрени и чесни односи, и со една конвенција ќе ги признаеме правата на малцинствата.

Јас го разбирам отпорот кај припадниците на албанската националност во Парламентот, од аспект, како што рече последниот говорник дека со прифаќање на една ваква иницијатива, би требало самите да признаат дека нивниот статус овде е националност, а не народ. Јас би прашал: Доколку албанската националност во Македонија, ги немаше овие права и ова ниво на права, кои денеска ги има, нема да полемизирам дали се мали или големи, не на ова ниво, да речеме на нивото кои го имаат Македонците во соседна Грција, иако денеска предложивме исто една ваква конвенција. Дали ќе беше реакцијата ваква?

Сигурно дека не, но ќе беше поздравена таквата иницијатива за носење конвенција. Станува збор, значи вие третирате дека сте го достигнале нивото на остварување на вашите права денеска во Македонија и стремежите кон иднина и можностите да го реализирате, тоа што ви е предизвик до таа мера, на високо ниво, што неспоредливо е и не би се вратиле назад да дискутирате за правата на Македонците во Албанија. А чесно би било и фер и покрај тоа што некои говорници потврдија дека се за заштита на правата на Македонците во Албанија, би било чесно и фер, бидејќи сме достигнале едно вакво ниво на односи и се грижиме, а и досегашната политика на оваа Влада и на претходните влади, зборува дека се грижиме да имаме добри односи со Албанија, се грижиме за меѓунационалните односи во Македонија да бидат добри, но заедно да се грижиме. Дури, кога стана збор за оваа декларација, дури и не помислив дека ќе има толкав отпор од пратениците од албанска националност. Мислам дека ќе беше подобро ако излезеа некои предлози за дополнување и изменување, меѓутоа, генерално да беше прифатлива една ваква иницијатива.

За прашањето на искреност, за прашањето на недоверба, за прашањето на страхување било секогаш присутно и сега е присутно. На пример прашањето за страхување, дали со оваа иницијатива не би се сакало да се постигне рестрикција на правата на Албанците во Македонија. Со прашањето на реципроцитет, дали некој сака да ги намали и да го спушти нивото на права денеска на Албанците во Македонија.

Мислам дека нема враќање, ние токму сакаме не да го спуштиме нивото на права на албанската националност во Македонија, туку сакаме да го воздигнеме нивото на користење и уживање на животните права на нашите Македонци во Албанија и во сите соседни држави. Има разлики. Станувaше збор за проценти. Колку проценти се Албанци во Македонија, а колку проценти се Македонци во Албанија. Меѓутоа, денеска сме сите повеќе од свесни дека тие пописи што биле, дали во Грција, дали во Бугарија, дали во Албанија, неспоредливи се со пописите, што се правени во РМ. Кога станува збор за прецизност, одговорно тврдам дека во Македонија сите пописи се далеку попрецизни, од сите пописи во другите земји. Тука имаме друг аспект. Во Македонија долго време, како составен дел на Федеративна Југославија, овие работи беа малку поинаку поставени, за разлика од соседните земји. Без навреда и без тенденција. Јас ќе ви дадам еден пример. По падот на Енвер Хоџа, се отворија малку границите и брзо дојдоа во посета на мојата жена роднини, внуци, еден збор не знаеја македонски. И тие се чувствува Македонци, меѓутоа не знаеја еден збор да кажат на македонски. Јас се запрепастив, дали е можно, но имав можност и лично да увидам за тоа за што ми беше зборувано. Што значи дека во минатите години, уживале поинакви права националностите во Македонија, а поинакви Македонците во другите земји. Тоа има далекусежни последици. Денеска имаме сознание и во соседна Грција и во Егејска Македонија. Голем процент од Македонците, кои се национално свесни дека се Македонци, не знаат да зборуваат македонски. Тоа го имаме и во Албанија, а и во другите земји.

Значи, прашањето на искреност, за конечно, на овој Балкан и во нашава земја и во Албанија, овие прашања да тргнат по една добра насока, мора да тргнеме по патот на една поголема искреност, со една јасна визија, каде сите одиме и што сакаме да постигнеме на овие простори, не само во Македонија, туку и на цел Балкан. Не можеме да ги третираме работите од иста проблематика, со различни аршини. Неискреноста е видлива. Исто така, крајните цели, задни намери се видливи и уочливи. Ако сакаме вистински да ги развиваме односите, кои ќе гарантираат квалитетно живеење, толеранција, а не само толеранција. Јас би бил тој збор да се исфрли. Да се толерира, значи нешто да не се поднесува, па мораш да го толерираш. Да тргнеме по патот кон најнормално меѓусебно почитување да живееме како што живее европскиот свет, меѓутоа и таму има нетрпение, но ние имаме малку повеќе традиција од нив што би можело да се замисли и само со добра визија, што сакаме да постигнеме.

Во таа насока секогаш добро да се преиспитаат крајните цели и намери и ако бидат позитивистички, тогаш и една ваква иницијатива, односно ваква информација, ќе биде само позитивистички гледана.

**МЕРСЕЛ БИЉАЛИ:**

Јас не гледам дека има повеќе од 40 пратеници и затоа предлагам да се прекине оваа седница, бидејќи немаме кворум.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Ги повикувам пратениците да влезат во салата.

Бидејќи нема доволен број на пратеници предлагам пауза од 15 минути.

(По паузата седницата продолжи со работа во 13,55 часот).

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

Ве молам, притиснете на едно од копчињата за да го утврдиме присуството на пратениците во салата.

Ќе ве молам, притиснете уште еднаш на едно од копчињата на системот за гласање, бидејќи мониторот покажува дека 65 пратеници имаме во салата, а фактички присутни се 54 пратеници.

Ве молам да гласаме уште еднаш.

Констатирам дека имаме кворум за работа.

Продолжуваме со работа.

За збор се јави господинот пратеник Аце Сајковски.

**АЦЕ САЈКОВСКИ:**

Почитувани пратеници. Точката од дневниот ред, потребата за склучување на Конвенција за заштита на малцинските права во РМ и Република Албанија, е навистина повеќе од потребно.

Се поставува прашањето, зошто една ваква иницијатива толку многу доцни, бидејќи тоа можело да го стори

предлагачот Андов уште кога беше претседател на ова Собрание и со тоа ќе се придонесеше за добрососедските односи, а и во однос на афирмацијата на двете држави во меѓународните форуми, а тоа на нас во овој миг ни е нај неопходно кога по секоја цена настојуваме да се приближиме кон Европа, со цел да ги оствариме целите кои пред себе ги остави Македонија, а со тоа и Албанија и останатите балкански земји.

Во овој случај, одредено задоцнување по ова прашање имаат направено владите од досегашниот мандат, посебно Министерството за надворешни работи, бидејќи за остварување на оваа Конвенција, односно остварување на правата на малцинствата во балканските земји, а во овој случај во Албанија, да се оствари многу порано, бидејќи со Уставот на Македонија се признава македонското малцинство како уставна категорија. Така, не би имало проблем да се унапредат правата на Македонците во Албанија. Затоа гарантирам, бидејќи Албанија се има декларирано како демократска земја која ги признава правата на малцинствата, а таа тоа го истакнува и на меѓународните конференции. Таков беше случајот и на последната конференција што се одржа во Марсеј, за соработка на медитеранските земји во однос на безбедноста и соработка и тогаш албанската делегација изрази полно разбирање за овие цели и покани наша делегација да ја посети Албанија и обратно од Албанија да бидат гости во Македонија, односно тие посакуваат искуство, како да ги овозможат правата на Македонците во Албанија. Албанија исто така е заинтересирана и за правата на Албанците што живеат во Грција и една ваква активност како што се нуди со овој предлог на конвенција, да се прошири можноста за остварување правата на малцинствата и во сите соседни земји.

Интересно е тоа што во овие активности Албанија и Македонија мора да покажат повисоко разбирање за правата на малцинствата, бидејќи тие се одредени како носители на овие права на малцинствата во балканските земји.

Со Конференцијата во Марсеј се групираа земјите на Медитеранот според проблемите со кои се соочуваат.

Балканските земји се соочуваат со правата на малцинствата и од тие причини патот кон Европа е посложен. Затоа ние со овие права кои треба да ги оствариме, односно да се остварат на Македонците во Албанија, пристапот кон Европа ќе биде многу побрз. Примерот на Македонија и Албанија во иднина ќе мора да го следат и останатите балкански земји. Затоа сметам дека иницијативата односно, Информацијата што денес ни е предложена, со консензус да ја прифатиме сите пратеници, бидејќи од излагањата на досегашните дискутанти тоа се подразбира. Никој нема против, за малцинствата, било каде да живеат, а да не ги уживаат правата кои се овозможени и со меѓународните акти, а сите тие држави се и потписници на овие договори. Секое друго инсистирање, едноставно тоа е маркетинг. Сите ние треба да докажеме дека сме единствени во основните прашања кои се од интерес на народите, од интерес на мирот и безбедноста на Балканот и пошироко.

Предлагам, пред се од оваа седница да произлезе заклучок со кој ќе се препорача на Владата уште веднаш да пристапи според нормите и правилата кои постојат во меѓусебната соработка со Албанија, да ги почнат разговорите, искуствата за унапредување на малцинските права според меѓународните норми, кои им припаѓаат на малцинството. Со тоа ќе го забрзаме процесот кон Европа и ќе станеме пример за останатите балкански земји. Благодарам.

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

Му благодарам на господинот Аце Сајковски.

За збор се јави господинот пратеник Сејфедин Харуни.

**СЕЈФЕДИН ХАРУНИ:**

Почитуван потпретседателе, почитувани дами и господа пратеници, втор ден на расправа по информацијата за потребата за склучување на Конвенција за заштита на малцинствата меѓу Република Македонија и Република Албанија, предложена од господинот Стојан Андов.

Андов, е еден од политичарите, интелектуалци, па со него и некои универзитетски професори, дури и претседателот Глигоров во своето време, па и мноштвото други интелектуалци, тврдат дека претставниците на националните малцинства во РМ имаат повеќе права, кои се дури над она што е поделено со меѓународните правни и политички норми. Со сето тоа се дава акцент и посебно нагласување на правата на Албанците во РМ. Тоа македонските интелектуалци постојано го истакнуваат и

грчевито се борат истото да го пласираат не само во РМ, на македонската јавност, туку пошироко и во странство.

Своевремено претседателот Глигоров; дури предложи, на соодветни меѓународни организации да направат посебна студија, односно компаративна студија за состојбите на националните малцинства во РМ, во нашиот регион и пошироко, уверени дека тоа ќе ги потврди високите малцински стандарди, од што би требало да излезе заклучок дека никој од надвор не треба да го боли главата, поради висок стандард на малцинските состојби во РМ, со посебен акцент кон албанската националност, односно албанската популација во РМ. Со тоа се сакало да се постигне тоа дека меѓународната заедница треба да ја истакне РМ како пример за примена на овој дел од меѓународното право. Тука господинот Андов не сакал да биде изоставен. Мои дилеми.

Зошто ова прашање господинот Андов не го покрена одамна, кога беше дури и во сојузните органи на поранешна Југославија, кога албанската популација во одредени периоди доживуваше прав државен терор од македонската власт и македонската политика. На албанската популација во тоа време и беше да одбере еден пат и тоа пат спрема Анадолија или да си остане да преживее во РМ и да ја чека тоталната асимилација. Во тоа време главниот град на господинот Андов беше транзит град на Бивша Југославија која ја одигруваше улогата на тој коридор уште во првата Бивша Југославија, почнувајќи после балканските војни и Првата светска војна, па дури и Втората светска војна. Скопје беше транзитен коридор кон упатување на Албанците во неповрат спрема Анадолија. Таа улога Скопје и минатата година ја повтори, па и денес таа улога дури ја има.

Зошто господине Андов сега и во ова време се сака да се воспостави реципроцитет, по наводно, статистичките податоци меѓу македонското малцинство во Република Албанија, 4.700 колку што ги има и повеќе од една третина Албанци во Република Македонија.

Зошто се покренува иницијатива за склучување на Конвенција за заштита на малцинствата меѓу Република Македонија и Република Албанија кога станува збор за две сосема различни состојби, односно различни ситуации. Бројот на Албанците во Република Македонија од бројот на Македонците во Република Албанија е неколку стотици пати поголем.

Зошто Република Македонија не води грижа за Македонците во трите дела на Република Грација, каде што ги има во Егејска Македонија.

Повторно, зошто господине Андов не ви е грижа за Македонците во Пиринскиот дел каде што добар дел од македонскиот етнос, од македонската популација живее таму. Тоа е Пиринскиот дел на соседна Бугарија. И Грција и Бугарија Република Македонија ја признаваат, меѓутоа Македонскиот народ не го признаваат. Што е подрастично Република Бугарија не го признава ниту Македонскиот јазик, ниту македонските обележја.

Тоа Република Албанија не го прави, туку напротив го признава Македонскиот народ, го признава Македонскиот јазик, ја признава Македонската држава во нејзините граници. Република Албанија не може во наше име ниту да преговара за проблемите што Албанците ги имаат во Република Македонија, ниту Република Македонија, односно господинот Андов не може за Македонците во Република Албанија да преговара. И едната и другата ситуација за можното интервенирање или пак за можното згрижување, тоа би се сфатило како патернализам. Албанците во Република Македонија, господине Андов и малцинството македонско во Република Албанија има многу разлика. Тие разлики се евидентни и денес. Албанците во Република Македонија имаат своја доволна моќ, а во исто време имаат и спремност и политичка и економска и секаква друга моќ, тоа што македонското малцинство во Република Албанија го нема и тоа ние во Република Македонија да се справиме со сите проблеми што ги имаме, да се бориме тие проблеми да се решаваат по мирен пат, да се решаваат со дијалог, така како што и доликува на една демократска, на една мултиетничка, на една мултијазична и на една мулти конфесионална држава, како што е Република Македонија.

Господине Андов, сите прашања околу националната определба, јазичната верската и политичкото организирање, Република Албанија на македонското малцинство им го признава, им гарантира.

Оттука вашата информација за една таква политичка паралела, по мое, да расправа Собранието на РМ, е

беспредметно. Уште повеќе, дали господа пратеници станува се појасно дека РМ, односно Владата на РМ па и пошироката македонска јавност, не соодветно се сфаќа суштината на пристапот и не само наши тука, туку инсистираме и во меѓународната заедница кон националните малцинства да се повлече политичка паралела, во соседството, посебно со Република Албанија.

Историски господине Андов, работите околу ова чувствително прашање во РМ ниту биле, ниту се такви како што ги бараат и како што ги барате вие, историски. Никогаш ниту биле, ниту се.

Господине Андов, вие сакате да повлечете една политичка и правна паралела меѓу Албанците во РМ и Македонците во Република Албанија, односно колку права Македонците во Република Албанија имаат, толку права во тој сооднос им следуваат и на Албанците во Република Македонија. Тоа вие го сакате, господине Андов, како цел да го постигнете. Ништо повеќе. Тука малку размислување, морген.

Од меѓународната заедница ни доаѓале порано и се уште ни доаѓаат нејзини претставници, порано беше Аренс, па после Мазовјетски, па Елизабет Рен, па потоа Штул и кој се уште не дошол и тоа со задача да се спречи натамошното влошување на меѓуетничките односи во земјата, со посебен акцент на односите меѓу Македонците и Албанците во Република Македонија.

**СЕЈФЕДИН ХАРУНИ:** (Продолжение)

Зошто оваа екипа на претставници на меѓународната политика тоа не го направи во соседна Грција, тоа не го прават ни во соседна Бугарија и истото тие не го прават и во соседна Србија.

Повторно прашање. Штул дури сака и да излезе пред Владата со препораки како да се надмине проблемот со високо образование. Ние во тој поглед со Штул не се согласуваме. Затоа што тоа е наше природно право Албанците да имаат Универзитет, трет во Република Македонија како што им следува и на двата паралелно во државата како што се во Скопје и во Битола. Ние се залагаме тетовскиот Универзитет да биде трет и тоа државен и финансиран од Република Македонија.

Некои политички партии, особено тандемот Тачи и Џафери, тоа што предлогот на Штул го прифаќаат за мене и едниот и другиот се тврда политичка празнина со полна демагогија.

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

Ве колам, Универзитетот не е сега на дневен ред. Кога ќе дојде на дневен ред, тогаш ќе можеме да разговараме.

Ве молам да продолжите со дискусија по предлогот на господинот пратеник Андов.

**СЕЈФЕДИН ХАРУНИ:**

Да, да, само предлогот на пратеникот Андов, асоцира на тоа што утре треба да им се забрани.

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

Тој не го спомнува.

**СЕЈФЕДИН ХАРУНИ:**

Извини, те молам. И предлогот на господинот Штул за господинот Андов е многу, затоа што истиот Андов, во контактите што ние ги имавме со Штул 1995, 1996, 1997 и 1998 година им рековме не, иако коалициониот партнер СДСМ, Социјалистичка Партија, партијата на Андов се согласуваа со моделот што го предлагаше Штул.

Господине потпретседателе, дозволете јас да ја завршам својата дискусија.

Зборуваме за маски што допрва паднаа. Ќе ми дозволиш ли?

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

Да повелете.

**СЕЈФЕДИН ХАРУНИ:**

Господине Андов со вашата подготвена информација сите аргументи што Вие ги презентирате паднаа во вода, а падна во вода исто така и предлогот на господинот Штул и на коалициониот партнер во Владата на господинот Љубчо Георгиевски.

Од петни жили не бомбардираа во кампањата и во третите парламентарни избори и во претседателските избори и едната и другата партија партиципиенти во власта на Георгиевски дека ќе се бориме.....

(дофрлување од некои пратеници, со зборовите: "ова не е на дневен ред"). Извинете. Дека ќе се бориме за признавање на тетовскиот Универзитет како трет државен Универзитет во Република Македонија, албанскиот јазик официјален јазик, покрај македонскиот јазик, признавање на Република Косово. Тоа беше секојдневие во парламентарните и претседателските избори. Сите ветувања паднаа во вода во првите две години од вашето владеење. Сигурно се сеќавате во времето на парламентарните и претседателските избори, а уште повеќе и полошо сакаат да не убедат за приватна

високо - образовна институција, на која господинот Андов најповеќе цели. Тие се обични и во овој случај господине Андов вие и вашите заеднички мислители кукавици, а кукавицата се знае каде ги носи јајцата, во туѓо гнездо, овој пат јас сум сигурен дека нема да ви успее, затоа што народот тој обичниот, зборувам за албанскиот, барем во наши услови, но се сакало да не го прашуваат, но тој сепак си го кажа она што му лежи во неговата душа и што е и негов интерес и природно право, го избра тетовскиот плоштад и улицата, она што единствено преостана на проектот на Штул да се каже не.

Господата и господинот Андов не се во состојба да ги согледаат врските меѓу овие два поими и кога не можат да ја видат таа разлика, за иднината на тетовскиот Универзитет, немаат зошто да се излажат себе си и другите дека се разбираат во политика. Тука е расчекорот господине Андов, што значи дека нешто не е в ред или со вас или со меѓународната заедница, затоа што таа меѓународна заедница постојано е кај нас, ако правата на националностите се на толку високо ниво во Република Македонија, зошто не испраќа свои претставници и во земји каде малцинствата немаат речиси никакви права, како на пример македонските малцинства во соседните земји, Република Грција, Република Бугарија и Република Србија.

Како што реков, мислам дека проблемот е кај нас воопшто, а тој се состои во тоа што вам не ви е сосема јасно, дека меѓународната заедница составена пред се од политички организации, малцинската проблематика ја гледаат речиси исклучиво како политичко безбедносна. Нив ги интересира само дали националните малцинства ја загрозуваат политичката стабилност во земјите, а воопшто не ги интересира оние земји каде што националните малцинства не создаваат кризни ситуации, опасност од судири и употреба на сила и загрозување на мирот и безбедноста во земјата и пошироко во регионот. Тоа е суштината на мандатите што политичките организации како Обединети Нации, Организација за безбедност и соработка на ОБСЕ им ги даваат на своите претставници.

Информацијата на господинот Андов ја земаме за пример. Неговата задача е да се занимава со правата на припадниците на македонските малцинства во Република Албанија да ги следи, дали и како тие права се применуваат во одделни предели во Република Албанија, односно дали и како се применуваат меѓународните норми во Република Албанија, неговата иницијатива е кристално јасна, да изедначува политичка паралела на правата на македонското малцинство во Република Албанија, колку тие имаат таму толку права да им се даде на Албанците во Република Македонија. Не е свесен дека таков обид за да се извлече таква паралела е нелогичен и неприфатлив за нас. Со таква проценка не се согласува господине Андов ни меѓународната заедница. Не се согласуваме ни ние Албанците во Република Македонија. Во документот на ОБСЕ посебна нагласка се става на изразите како "рано предупредување", "превентивна акција" и слично. Самиот Ван дер Штул во една своја изјава има речено дека тој се занимава со ситуации каде постои можност да се развијат кризи, вклучувајќи и воени судири. Таа проценка за македонското малцинство во Република Албанија да се развива во криза е неприфатена од ниту една меѓународна организација. Господинот Андов може и натаму да биде загрижен, но фајде од тоа нема.

Значи, меѓународната заедница состојбите на малцинствата фактички ги дели на две групи. Во првата група спаѓаат оние случаи каде постојат кризи и разлики меѓу одредени малцинства и влади, без оглед на тоа дали малцинствата ги имаат на располагање сите можни права и во втората група влегуваат оние малцински ситуации што не предизвикуваат никаква опасност за стабилноста и безбедноста на соодветната држава, дури и без оглед на тоа дали државата воопшто ги признава малцинствата и нивните права. Во таква состојба се малцинствата и македонското малцинство во Република Албанија.

Впрочем, треба да ни познато дека меѓународните инструменти за правата на националните малцинства се така составени што оставаат голем простор не само за нивното законско непризнавање, туку и за ограничување на нивните права.

Како политичко тело и заинтересирано тели, пред се за мирот и безбедноста во светот, меѓународната заедница се занимава главно со првата група случаи и само во таа група интервенира, посредува, бара и нуди решенија и слично. Во таа ситуација господине Андов е албанската популација во Република Македонија.

Што се однесува до втората група случаи меѓународната заедница нема речиси никаков политички интерес, туку можните проблеми или жалби на припадниците на

малцинствата остава да се решаваат низ разни правни и други процедури или во самата земја или постојните органи на меѓународните владини организации, на пример, Судот за човекови права на Советот на Европа и друго. На господинот Андов тоа му е совршено јасно. Нас никој не не прашува господине Андов, тие прашања се решаваат во Брисел и во други центри на политичка моќ. Во Република Македонија ваквиот политичко безбедносен пристап на меѓународната заедница кон малцинската проблематика, инаку сосема оправдан, никако да биде сфатен и прифатен и тоа од вас и гарнитура на вас сличните. Сета оваа проблематика Република Македонија во последно време се обидува дури да ја фрли во кош и не сакаат да слушнат тие проблеми да се решаваат, па дури и се лути на меѓународната заедница што има два различни пристапи кон решавањето на ваквите проблеми, а тоа е ваше мислење и ваш проблем, зашто така и пошироката јавност, пошироката заедница не мисли како што мислите вие. Дури, се говори во меѓународните организации дека во Република Македонија има дискриминација спрема нас Албанците, што е потврда дека сеуште живееме со отсуство на реално согледување на работите кај нас и околу нас. Тие извештаи тие ги црпат од оние статистички прегледи, кои пред една недела ни беа присутни и во Собранието на Република Македонија. Таквите извештаи тие самите ги црпат, не само што ние од време на време ги навестуваме.

Еден пример, господине Андов за ваква дискриминација што во центрите на моќ кружи и се дискутира. Во научните установи во Република Македонија колку што ги има, 93% се од македонската националност од македонската популација. Во тие институции Албанците партиципираат само со 1,6%, според статистички преглед од 1994 година, а не изваден од џеб.

Еден друг пример, во Република Македонија Албанците се опфатени со 9,4%. Можеби господинот Андов ќе биде изненаден, меѓутоа, ова е и во делот на вработените во комуналната дејност и во земјоделските структури. Таму Албанците предничат. Но за разлика од тоа, во државните органи Албанците се опфатени само со 3,1%, според статистички податок од 1998 година, додека Македонците тука се опфатени скоро со другиот дел од 94%. Сите што доаѓале досега кај нас доаѓале главно поради претходната проценка дека бројните барања и активности на албанската националност и нивното не прифаќање од ваша страна на македонската власт, претставува речиси не прифаќање од страна на македонските власти, единствено претставува сериозна закана за мирот и безбедноста во меѓународните политичките органи, во меѓународните политички кругови, туку одделни аналитичари не се воздржуваат од искажување крајно загрижувачки предвидувања за излезот од оваа состојба особено со правата на Албанците во Република Македонија.

Не треба да се исклучи можноста токму овој проблем да биде клучен и за постигнување спогодба за стабилизација и асоцијација со Европската Унија. Мислам дека не е в ред оваа темна страна на нашата јавност да се поврзува само со постојните меѓународни стандарди за правата на малцинствата да се споредува или да се прават обиди за нејзино изедначување или решавање на пример со состојбата на македонското малцинство во Република Албанија, да се бара меѓународни посредници, како што доаѓаат кај нас да ги поседуваат и земјите каде што постои македонско малцинство, во Република Грција и во Република Бугарија. Ваквиот пристап кон овој голем проблем за нас Албанците, што битно се разликува од меѓународната заедница може да има и има определена поддршка во нашата јавност и пошироко. Меѓутоа, во основа се работи за ваша само измама господине Андов, за не продуктивен обид еден мошне сериозен, безбедносен проблем да се сведува само на меѓународните малцински права. Ако тоа не го прави светот, зошто вие? Никој не ве натера да го направите вие. Очигледно вам ви беше една мала популарност во јавноста, со тоа сакавте ние ако не друго барем вашиот рејтинг да го подигнеме. Тука и во овој поглед вие само се излажавте.

Информацијата упатува господине Андов на целта да се инволвира и Собранието во оваа проблематика, па потоа да се инволвира Владата на Република Македонија, па потоа таа да зазема чекори кон реализација на ова. Само сепак тие се меѓудржавни и меѓувладини проблеми, а не проблем на Собранието и на пратеникот Андов.

Господине Андов, вам ви е познато дека со оваа декларација не се решава ништо. И покрај тоа што зад ова се крие политичка цел, таа е очигледна и препознатлива. Таа е безпредметна и не значи воопшто ништо.

Вие г-дине Андов добро знаете не само за нас и нашите проблеми туку и воопшто, ништо со оваа информација не се

решава, дури да е тоа заедничка желба и на Албанците и на Македонците, односно на Албанија како држава и Македонија како држава.

**СЕЈФЕДИН ХАРУНИ:** (Продолжение)

Воопшто, ништо со оваа Информација и не се решава, со оваа ваша конкретна иницијатива. По овие проблеми решава Брисел и другите меѓународни моќни политички центри, без кои не се можат никакви решенија, спротивни на нивните ставови. Без оглед што вие имате еден одреден став, Брисел и другите центри на моќта, не решаваат по ваша волја, по ваша желба.

На крај, да не бидам погрешно сфатен, малцинските права без оглед на бројот, тие се човекови права. Можеби дискусиите наши би требало да бидат во насока на тоа, да се бориме сите за човечки права, поради тоа што ова е еден вид тест, меѓутоа, познавајќи ја намерата на господин Андов, намера која што е само измама и само една политичка желба да му се исполни, дека Андов е голем интелектуалец и Македонец, кој допрва треба да се покаже со вакви и слични иницијативи.

Јас бев малку краток, во друга прилика подолго.

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

Му благодарам на пратеникот Сејфедин Харуни.

Процедурално господинот пратеник Билал Љутфии.

**БИЛАЛ ЉУТФИИ:**

Господине потпретседателе, дами и господа пратеници, сакам во име на пратеничката група на ДПА остро да реагирам против дел од дискусијата на господинот Харуни, кој очигледно е дека ја злоупотребува говорницата на Собранието, од причина што на дневен ред имаме нешто конкретно - Информацијата, поднесена од господинот пратеник Андов. Бидејќи тој не сака многу да му се супростави на бившиот колега Антов, бидејќи двајцата учеле во една школа во Кумровец, па таа празнина на говорот сака на друг правец да ја усмери. Воедно му укажувам на господинот Харуни дека нема поголема демагогија од обидот да лее солзи за Универзитетот, од кој Универзитет е истеран токму од компетентните на тој Универзитет. Тој и ден денеска не предава таму, иако во почетокот предаваше на тој Универзитет. Имаше време тој од 1991 година до 1998 година да го реши проблемот на високото образование, воопшто во Македонија, а посебно на високото образование на албански јазик во Македонија. Таа задача сега ја имаат другите и ќе решаваат. Во име на пратеничката група им препорачувам тој да собере сили, да биде стрплив, кога ќе биде на дневен ред таа точка, тогаш, како му е стилот, нека зборува не саат, туку два, три, колку сака, Деловникот го овозможува, не само на Харуни, туку на сите колку сакаме да зборуваме. Но, малку да личи на дискусија на пратеник, а не на догматско однесување и чисто политички маркетинг, бидејќи веќе стана смешен и јас знам дека тој ќе реплицира.

Пред да се јави за збор господинот Харуни, јас ќе го замолам да чека, кога ќе биде на дневен ред тој завршен документ на експертите на оваа Влада, експертите на трите политички партии што учествуваат во Владата, па и на меѓународниот фактор, бидејќи не може ниту оваа Влада и да сакаме ние да се кријат некои работи, според правната процедура ќе поминат во парламент и ќе има прилика да зборува. Благодарам.

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

Му благодарам на господинот пратеник.

За реплика се јави господинот пратеник Сејфедин Харуни.

**СЕЈФЕДИН ХАРУНИ:**

Господине потпретседателе, господинот е запознат, јули месец 1996 година кога јас бев отстранет од тетовскиот Универзитет. Нему му е совршено јасно, можеби на истиот состанок, тој не бил, меѓутоа на таа иницијатива му потпомагаа Арбен Џафери, Мендух Тачи, Руфи Османи. Овој последниот бараше извинување и тоа пред 30 и повеќе интелектуалци и ми рече: "Харуни, ако има Господ да ми простиш, затоа што таа иницијатива беше наша". А во истиот случај ни помогна Фадил Сулејмани и Миљаим Фејзи. А за другиот дел што господинот се обидува да реплицира, јас навистина немам што да реплицирам со човеков, затоа што тој ништо не кажа од она што јас треба да му реплицирам. Ако му е горко тоа што го спомнав Џафери тука, еве уште еднаш тоа ќе го кажам и ќе го потенцирам, Арбен Џафери е пратеник на Собранието на Република Македонија. Тој неоправдано не присуствува на Собраниските седници. Ако тој не присуствуваше во вториот состав на Парламентот, можеби се

бранеше дека, еве не се сложува со политиката што коалиционите партнери тогаш ја водеа. Меѓутоа, неоправдано е неговото не присуство на собраниските седници и тој и на него слични, па дури и тандемот Тачи, дури и тој. Нека не ја лажат јавноста дека се занимаваат со некоја многу, многу голема политика и тоа во интерес на Албанците. Напротив, предлогот на Штул не само што е прифатен од нивната партија, туку аминуван еден ден тоа да се стави на дневен ред, за што ќе расправаме. Јас на тој ден и на таа расправа прв таа проблематика јас ќе ја дискутирам. Меѓутоа, самата информација што господинот Андов имплицира на тоа дека станува збор за решавање на проблемот на Албанците во Република Македонија за високо образование, на Андов тоа не му одговара, затоа што во Битола конкретно проблемот што избувна 14 средни училишта ги има Битола, не се согласува за една паралелка на албански јазик. Таквите ги има и во Република Македонија во главниот град 31 училиште има, пола имаат Албанците во средно училиште и тоа Зеф Љуш Марку во Никола Карев устоличено. Тетово, неговото родно место на Љутфии е два пати поголемо од Битола. Немам повеќе потреба да реплицирам, затоа што тој во неговата реплика не рече ништо.

Меѓутоа, народот веќе го избра плоштадот и тоа тетовскиот и да му се рече еднаш не, не само на Штул, туку и на Тачи и на Џафери, а истата политика ја води и овој за жал: господинот Билал Љутфии. Единствено прибежиште му остана на тој народ улицата, затоа што тие на петни жили со сиот глас и во парламентарните и во претседателските избори како џокер прв проблем знаме, Универзитет во Тетово, албанскиот јазик официјален јазик, како трет проблем во Република Македонија.

Албанската популација е конститутивен елемент. Сите овие аргументи господинот Љутфии ги нема веќе му паднаа, а со него паднаа и другите маски на демагогија. Јас нив ги сметам Џафери и Тачи една цврста тврдина празна и обична демагогија.

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

Повторно за реплика се јави господинот пратеник Билал Љутфии.

**БИЛАЛ ЉУТФИИ:**

Прво веќе јасно е дека Харуни сака да манипулира со јавноста, бидејќи и тогаш и денеска, апсолутно никогаш ДПА не бил демијорк на тој Универзитет во однос на управување со Универзитетот. А неговото исклучување од универзитетот чисто е од компетентните во Универзитетот. Колку што ми се чини го спомнав Руфи Османи, тој бил уште тогаш во тој Универзитет. А јас се чудам ако баш тука му била поентата дека тој му се извинувал, тогаш немам коментар. Но, нека си оди денеска, тогаш ако ние сме го исклучувале од тој Универзитет, значи ние сме биле тие што тој барем до сега не можел да предава во тој Универзитет, па сега ги има вратите отворени, бидејќи барем тој бил на тој митинг за Универзитет.

А дека господинот Џафери е пратеник, му се чини дека тој ја открил Америка, па можеш да покренеш иницијатива, овде во Парламентот има Комисија за имунитетни прашања. Но, го прашувам ако баш за Универзитетот тој баш инсистира и го сака Универзитетот, зошто од почетокот на 1995 година не ја потпиша Сејфедин Харуни промоцијата на господинот Џафери.

Колку средни училишта има не би се зафатил со тоа, точно е тоа, но, каде е тој новиот објект за средно училиште во Тетово што ги лажевте граѓаните во 1994 година, 1996 година, 1998 година. Каде се започнатите објекти во основните училишта. Да не ги набројувам, а ако сакате имам и слики овде, такви објекти можат да се најдат во Чеченија и во Косово се со цел овие работи ги правевте за да добиете политички поени. А во 1998 година одредени луѓе кај вас се на мислење, дека правеле погрешна проценка и манипулиравте со децата во основните училишта во смисла на тоа дека еве, беше правен еден договор меѓу ДПА и ПДП и да не би било така и не би почнале со тие школи, а ден денеска тие ученици не учат во објектите каде и треба.

Значи, не сте ги жалеле и децата, учениците од основно училиште. Јас искрено да ви кажам не за лошо, бидејќи не можете ништо лошо да најдете кај господинот Џафери и кај господинот Мендух Тачи, туку и за добро не би сакал да ја споменувате, бидејќи далеку, далеку во смисла од морална страна, политичка страна, човечка страна, вие стоите од господинот Џафери и Тачи.

Затоа и за добро не сакам вие да го споменувате тоа име.

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

Мислам да ја прекинеме оваа реплика.

**СЕЈФЕДИН ХАРУНИ:**

Јас бев пријавен и притиснав, ваше е да гледате, ако е таму забележано име Сејфедин Харуни.

Ова е втор пат вака што вие упаѓате.

(Пратеникот Сејфедин Харуни зборува на албански јазик).

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

Ве молам, на ред имаме и многу пратеници кои се пријавени.

Ќе ги замолам да го почитуваат дневниот ред, да не излегуваат од темата за која расправаме по оваа точка. Мислам дека за се друго има прилика секоја политичка партија да се докаже. За среќа во октомври се локалните избори и секоја политичка партија, претставници на политичките партии и функционери ќе имаат прилика да ги кажат своите вредности, предности, што направиле, што не можеле да направат и на тој начин народот ќе осудува, односно народот ќе одликува и исто така народот односно електоратот ќе им даде поддршка на тие кои навистина се залагале, односно навистина правеле нешто за нив.

Па да ги прекинеме овие начини на искажувања, кои не се во функција на нормално функционирање на оваа седница.

За збор се јави господинот пратеник Илјаз Сабриу.

**СЕЈФЕДИН ХАРУНИ:**

Зошто ми ја прекинавте репликата?

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

Вие самите прекинавте.

**СЕЈФЕДИН ХАРУНИ:**

Не е точно дека јас сум ја прекинал репликата.

Зборував на албански, изгледа дека тоа ти пречи.

**ИЛЈАЗ САБРИУ:**

Почитуван потпретседателе, почитувани дами и господа пратеници, денеска е втор ден што расправаме по иницијативата на пратеникот Стојан Андов за склучување на Конвенција меѓу државите Македонија и Албанија за заштита на националните малцинства во тие две држави, односно на македонското национално малцинство во Албанија и на албанското малцинство по текстот на господинот Андов во Република Македонија.

Мислам дека со право два дена расправаме, незнам дали и денес ќе завршиме, бидејќи оваа тема е доста интересна и предизвикува дискусии, впрочем бевме сведоци на такви дискусии, кои денеска и на минатата седница на Собранието беа изнесени. Да бидам искрен јас очекував дека по интервенцијата на господинот Абдурахман Алити, предлагачот да прифати и да ја повлече од дневен ред оваа иницијатива, очекував и познавајќи го господинот Андов како искусен политичар, дека тоа ќе го стори, бидејќи по мене мислам дека ниту времето, ниту состојбите имаат потреба за една ваква иницијатива во овој денешен миг.

Меѓутоа, тоа не се стори и ние денеска расправаме. Аргумент повеќе на тоа беше и тогаш изнесено, а и денеска јас ќе го кажам, ние по оваа иницијатива, по оваа конвенција немаме мислење на Владата на Република Македонија, како надлежен орган за спроведување на законите и т.н. за водење сметка за припадниците на Македонскиот народ во другите држави, како тие ги остваруваат своите права, впрочем на надлежните министерства, тоа е Министерството за надворешни работи, на некој начин еден сегмент, нешто подоцна ќе кажам и на Министерството за иселеништво, кое е доста активно во оваа иницијатива по мене.

Моите информации укажуваат дека оваа точка била на дневен ред на седница на Влада и е повлечена, односно е симната од дневен ред, со образложение од компетентни личности, дека оваа точка не би требало и нема потреба Република Македонија сега да пристапи кон една ваква иницијатива, бидејќи со Република Албанија во последните години впрочем и порано Македонија развива добри односи на политички план, на економски план, во сите области и нема никакви проблеми за да нешто треба дополнително да се превземаат мерки за заштита на националните права на Македонците во Република Албанија, уште повеќе што таму исто така барем мене не ми е познато, не сме прочитале по весниците, по медиумите дека има некој конкретен проблем со дел на Македонскиот народ кој живее во Република Албанија, бидејќи таму моите информации укажуваат дека се остваруваат правата, врз основа на сите

конвенции и повелби што господинот Андов тука на една страница скоро сите ги набројува.

Имајќи во предвид дека Македонија и Албанија настојуваат и чекорат кон Европската заедница да станат дел на Европа, член на тоа големо европско семејство и светско, мислам дека и Македонија и Албанија и те како имаат обврски за спроведување на тие резолуции, конвенции, повелби и т.н., да не ги читам, бидејќи тука се во информацијата наброени. И покрај тоа што јас очекував во информацијата да има повеќе податоци, бидејќи информацијата е тоа, да не информира каква е состојбата, со какви проблеми таму се судруваат Македонците за да ние го дигаме гласот од тука, од нашиот Парламент, да ги заштитиме нивните права во Република Албанија.

**ИЛЈАЗ САБРИУ:** (Продолжение)

Јас не видов информација, ниту пак прочитавме. Впрочем, читавме, видовме, расправавме, направивме резолуција за Македонците во Бугарија, бидејќи Уставниот суд донесе ваква и таква одлука и тогаш расправавме. Бидејќи таму немаме некој конкретен проблем, сега јас незнам кому му треба, ние тука самите да предизвикуваме и измислуваме некои проблеми за Македонците во Албанија, ако не е целта, она што беше тука изнесено, на некој начин, кога во ова време Албанците во Македонија имаат нивна политичка определба на сите политички врати, на нивните пратенички групи, да се ускратуваат, односно да се стави на некој начин, реципроцитет и покрај тоа, што никаде не се спомнува зборот реципроцитет и во овој документ, но се алудира на едно нешто такво.

Впрочем, тука беа изнесени многу паметни дискусии, за кои мислам дека треба да ги анализираме и да преземеме мерки и да се откажеме од едни вакви работи.

Мислам дека целта на г-динот Андов, се извинувам, што неколку пати го спомнав името, бидејќи тој е предлагач, мораме него да го спомнеме, мислам дека тој ја оствари својата цел, бидејќи и тој лично и самата партија, месец дека се расправа, се пишува, се зборува на телевизии, по весниците, дека требало нешто да се направи. Либералната партија, навистина, постигна некој ефект, пред изборите, меѓутоа, тоа ќе му послужи како позитив, дека еве тој таа партија што ја води, води грижа за Македонците во Албанија. Но јас тоа го прифаќам, бидејќи и тоа е политика и тоа е маркетинг, добро ќе беше она што беше изнесено порано, да се води битка, да се води грижа и јас лично се залагам, дел од Македонскиот народ, кој живее во Грција, во Бугарија, па и во Србија, кои немаат никакви права, не им се признава, да се изјаснуваат како Македонци, тука можеби зборуваме за некоја бројка, за тоа некој нешто ќе каже. Меѓутоа, во три држави, каде што живее македонско население, како што стои во историјата дека го поделиле Македонскиот народ да живее во четири пет држави, за тоа воопшто, не водиме сметка, не кажуваме ни збор, туку таму каде што и помалку се по број Македонците, а Албанија е единствена земја и после ослободувањето, кога имале добри односи со Југославија тогаш, да исцрпува од тука учители, да ги просветуваат тие Македонци, кои живееле и кои се уште живеат на нивната територија, во Преспа, во Корча, во Албанија. И ден денес, меѓу првите ја признаваат Република Македонија, и Македонскиот јазик и Македонската нација, никогаш не го ставиле под знак прашање, постоењето на една ваква нација, а тоа е Македонскиот народ.

Ние сакаме сега, по мене, да ставиме, како што вели народот: "во здрава нога трн". Незнам зошто е тоа и кому тоа му служи. Бидејќи ние, секојдневно и оваа Влада, а и поранешната влада, ние сите работевме на подобрување на односите со Албанија. Такви резултати имаме со Албанија. Како сосед, ние немаме ниту еден проблем, освен економски што сме неразвиени и ние и тие, но други проблеми со таа држава немаме. Сега, да не бидам адвокат на Албанија, бидејќи затоа се дискутира, јас лично мислам, а мислам дека и моите колеги и сите дискутанти што сме овде, се залагаме и ќе се залагаме, доколку навистина има некоја повреда на националните права на Македонците, дајте господа, со конкретен пример да го дигнеме гласот, против таквата неправда. Но, ние да бараме, дека тие немаат пратеници во Парламентот, се знае како се избираат пратеници, јас незнам господинот Андов дали го прочитал Уставот на Албанија. Би препорачал да го прочита членовите 3, 18, 20, 24, 34 и 36. Уставот на Албанија добил високи оценки од Европската Унија и од специјализираните комисии на Европскиот совет, каде што таксативно се гарантираат и стојат правата на националните малцинства во Албанија, на сите нивоа, да се школуваат на мајчин јазик, да ја употребуваат својата вера, да ги употребуваат своите обичаи и сите поволности, како малцинство, вклучувајќи ја и грчката и власите, кои

живеат во Албанија. Ако во Уставот е кажано тоа таксативно, јас го замолив тој да ги прочита тие членови, кој Устав добил, впрочем, како и другите устави, верификација од Европските инстанци, како позитивен, како не дискриминаторски Устав, од каде ние сега извлекуваме дека се загрозени правата на малцинствата на Македонскиот народ.

Јас мислам дека целта е постигната, бидејќи мислам дека не е целта на г-динот Андов, тоа би било многу лошо, ако е целта да се нарушат односите со Албанија, туку мислам дека целта е исклучиво да се добијат политички поени на таа политичка партија и на него лично, како искусен политичар, да добие нешто веројатно на изборите да поминат подобро.

Ќе кажам нешто и во врска со бројките. Во информацијата многу малку ги има, односно ги нема воопшто, беа изнесени различни податоци. Веројатно, тие се точни, неточни, ние не сме тука некоја меѓународна комисија, па да утврдуваме колку се. Точно е дека во Албанија живеат и Македонци. Тоа го признава и Албанската држава. Но, никако не е точно, како што тврди г-динот Мартин Треневски, министер за иселеници на Република Македонија. Тој многу добро знае, при посетата на г-динот Кљусев, ми се чини и г-динот Жута и уште двајца други министри, кои беа во Пустец, во Албанија, 1991 година, со какви проблеми таму се судрија и со какви политички проблеми, кога се вратија во Македонија се судрија. Имаше реакции од Бугарската страна, дека тие се Бугари, не се Македонци итн. Јас не навлегувам, што се тие и какви се тие. Тие се изјаснија како Македонци. Но во про меморијата, што г-динот Треневски има разговарано со г-динот Штул, тој кажува на неколку податоци, што јас, незнам кому да му верувам. Тој кажува дека според меѓународните документи, дека живеат од 15 до 30 илјади Македонци во Албанија. Според македонските податоци, г-динот Треневски вели дека живеат од 60 до 100 илјади Македонци во Албанија. Тоа е разговорот на 15 април со г-динот Штул. За да после една недела, истиот министер, во "Нова Македонија', изјавува дека во Албанија живеат 250 до 300 илјади жители. Јас навистина, господа пратеници, незнам на која бројка да им верувам. Званичните податоци од Албанија кажуваат дека живеат 0,6% Македонци, од поранешниот попис што го воделе заедно со црногорците и тие се некаде околу 10 илјади, од кои 7 илјади се Македонци, кои живеат во една компактна територија, во реонот на Преспа, односно во тие неколку села таму.

Сега, доколку овие бројки се точни, доколку се вторите бројки точни тоа е втора работа, а доколку се третите точни, тоа е трета работа. Мислам дека ние како министри, како Влада, како одговорни луѓе, не смееме така да излеземе пред светот и пред Европската јавност.

Моите информации кажуваат дека, а кои се потврдени од високиот комесаријат и од неколку луѓе што ја посетиле Албанија, бидејќи и Албанија на некој начин се набљудува, од областа на националните права, односно на малцинските права, од тие пет илјади Македонци, кои живеат во 9 села, а некои податоци, морам да кажам, ги имаме од извештајот што го поднесе делегацијата на Владата на Република Македонија, на чело со премиерот, кога беше на прва посета и кога носевме наша помош, некои трактори, во Албанија. Во 9 села има 9 основни училишта до четврто одделение. Значи, во секое село има училиште на македонски јазик. Има две осмолетки, има девет градинки на македонски јазик, имаат вкупно 701 ученик, со 54 наставници. Веројатно и овие бројки не се толку точни, но јас со нив располагам и тврдам дека се такви. Кога ќе биде пописот во Албанија, ќе го причекаме, да видиме дали е тој број вистински, дали нашиот или нивниот. Но, и за тој попис во оваа декларација и во другите документи, се бара да имаат посебна графа, каде ќе стои Македонец, Црногорец, Влав, Ерменец итн.

Да стои Македонец, мислам дека е тоа против меѓународната методологија за попис. Никаде во светот никаде во светот немало за националностите во Македонија, по таа логика, би требало да стои Македонец, Албанец, Србин, Турчин, итн., туку има графа, национална припадност и ние самите кога се попишуваме, се потпишуваме дека сме Албанци, дека сме Македонци, итн. Такви податоци има и во Албанија. Мислам дека треба да бараме нешто што е реално, за да не се судриме со некоја светска методологија, која ќе биде исклучок и навистина, ќе има негативни ефекти, од тоа што сакаме. На некој начин да го постигнеме. Уште еднаш би кажал дека навистина би се залагал, доколку имаме конкретни неостварувања или газење на нивните права во Албанија, дајте и ние да го дигнеме гласот, против таквите работи. Никој не забранува политичко организирање во Албанија. А тоа што немаат политичка партија, веројатно, тие кога ќе постигнат одредено ниво на таква

масовна бројка, ќе има. Во никој случај, јас не сакам ни да помислам, дека г-динот Андов сака да спроведува реципроцитет. Ние сме тука една третина. Историски гледано, создавањето и на оваа држава Република Македонија и првата и втората и оваа најновата третата, мислам на АСНОМ и оваа најновата, сега што ја имаме, клучен елемент во создавањето на таквата држава бил и Албанскиот фактор, кој живее на оваа територија на денешна Македонија. Тоа никој не може да го побие и најновата, АСНОМ-ската Македонија, кога е создавана, земен е предвид тој фактор, односно албанскиот фактор, кој живее во тогашна Народна Република Македонија, како елемент за создавање на ниво на федерација.

Јас очекував жешка тема, бидејќи задира во меѓунационалните односи, бидејќи нас Албанците треба реално да не сфатат, претпоставувам дека ќе се гласа, бидејќи сите партии, по она што се расправаше по комисиите, го поддржаа ова, освен двете албански партии ДПА и ПДП, кои не го подржуваат, а веројатно таков резултат ќе има и во гласањето, бидејќи ќе треба просто мнозинство, но ќе помине, нема проблем, ќе се изгласа, но незнам колку ефекти тоа ќе има. Бидејќи, не е само потпишувањето. Тоа треба да се спроведе во живо. Тука, што се однесува за нашиот дел, ние треба да бидеме тие, кои тоа би го прифатиле и кои тоа би го реализирале. Инаку, денеска да се инсистира на малцинство на Албанците во Македонија, мислам дека тоа е човек што не ги разбира работите. Ве повикувам, кој знае повеќе, кој знае, кој е процентот на малцинство во една држава. Како се утврдува тоа малцинство. Малцинството се утврдува со уставите на секоја држава. Тој народ што е во мнозинство, кажува дека другите се во малцинство. Не е тоа ни пет, ни два, ни нула, ни шест во Албанија.

Уставите се тие кои ги регулираат тие односи. И светската литература и луѓето што се занимавале со овие проблеми, немаат теоретска и научна поткрепа дека толку проценти, ако е нешто присутно, дека тоа е малцинство. Уште повеќе на оваа Балканска територија, каде народите, впрочем и македонскиот и албанскиот, кажав дека историски живеат на овие нивни огништа и им е направено некоја неправда, бидејќи живеат во четири држави и едниот и другиот народ. Сигурно дека и понатаму вака ќе се живее, нема шанси нешто да се менува, а ние, ниту се залагање за менување на некои граници. Впрочем, беше изнесено од претходните дискутанти, дека ние ќе се бориме за почитување на границите на Република Македонија, но не херметички граници, туку границите да служат само како географски поими, да се минува границата како во Германија, Холандија, со 150 километри на час, за такви граници се залагаме, а не за граници, кои денеска ги имаме за жал. Јас со тоа би завршил.

Ние во Македонија денеска имаме, а нека ми каже исто така, некој ако има пример дека некоја литература, некоја помош за нашите браќа во Албанија, за Македонците, а стопирана на границата. Напротив, владата на Албанија, барала од секогаш помош за книги, за литература итн, што не е случај со Македонија. Ние, до ден денес не можеме да увезуваме од Албанија. Во Скопје се продаваат секакви весници. И српски, и бугарски, и француски, и англиски, што е добро. Но треба и албански, од Албанија, бидејќи, тука живее едно големо малцинство. Така да, границата е херметички затворена, така да кажам од наша страна, а не од другата страна.

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

Му благодарам на г-динот пратеник, Илјаз Сабриу.

Има збор г-динот пратеник Абдулади Вејсели.

**АБДУЛАДИ ВЕЈСЕЛИ:**

Почитуван потпретседателе, почитувани дами и господа пратеници.

Денеска расправаме за една информација, за потребата од склучување на Конвенција за правата на малцинствата помеѓу Република Македонија и Република Албанија.

Меѓутоа, навистина сум во дилема, пред се причините, за еден ваков предлог од страна на еден пратеник. Дали го мачи или го секира големиот број на Албанците во Република Македонија, а јас убеден сум, дека не го интересираат воопшто Албанците во Република Македонија или Македонците во Република Албанија, меѓутоа има еден интерес, да профитира на политички аспект итн.

Меѓутоа, јас би му препорачал дека не требаше да влегува во вакви авантури, бидејќи во ова време не ни требаат нам во Република Македонија, а нај веројатно, штом навлегува во вакви авантури е изгубена неговата адреса, адресата ја изгубил некаде.

Меѓутоа, право е на секој пратеник во ова Собрание да предлага закони,

резолуции, декларации, како и вакви информации, кои што ги предлага г-динот Андов, но притоа, секој треба да има предвид, дали е погодено времето кога тоа го предлага, мотивите за тоа, дали соодветниот предлог кореспондира со реалноста во Република Македонија, со просторот во кој живееме, ќе има ли разбирање за него и дали ќе има консензус од сите пратенички групи во Собранието. А за мене, што е уште поважно, таквите предлози се насочени кон подобрување на меѓунационалните односи во Република Македонија или се за нивно влошување, односно за отворање на конфликти помеѓу нив. Тука мислам дека не е потребно многу надмудрување, за да се сфати дека предлогот не ги има предвид овие околности што јас ги спомнав.

Изгледа причините за еден ваков чекор можеби се лични, можеби и партиски, за да се докаже дека, еве неговата партија или поединци од неговата партија се патриоти, кои во претседателските избори веќе го докажаа тој патриотизам дека Македонија треба да биде само на Македонците, додека другите ќе бидат граѓани од втор степен.

Затоа, колку да го потсетиме господинот Андов, Албанците се родени и живеат во Македонија и колку што знам, а тоа подобро го знае и господинот, затоа што е во години, дека за оваа држава се бореле заедно и Македонците и Албанците и сите други кои живееле на овие простори. Притоа, не смее да се апстрахира фактот дека, за независноста на Македонија дадоа придонес и Албанците и другите што живеат во Република Македонија, кои секогаш се носеле со идејата за рамноправност, во сите сфери на животот.

Албанците во Македонија никогаш нема да прифатат подредена улога, како што мислат некои, да побараат милост од другите, затоа што и ние Албанците ја доживуваме Македонија како своја држава, како своја татковина, па и рамноправноста како не отуѓено право, колку и Македонците.

Од тука произлегува и неприфатливи се изјавите на некои македонски политичари од калибарот на господинот Андов, дека Албанците се ангажираат за некоја си голема албанска држава, затоа што Албанците секогаш, а тоа го докажале во практика, се ангажирале за демократски плурализам, за правна држава и освојувањето на правата што им припаѓаат, преку институциите на системот. Поголем доказ од тоа нема. Ние Албанци пратеници сме во Собранието, сме во Владата итн. Притоа тие никогаш не побарале повеќе, ниту пак дозволуваат да имаат помалку од другите.

Пак би истакнал, некои македонски политичари, како што во случајот е предлагачот, треба да ги остават на страна желбите и да се свртат кон реалноста. Желбата си е нешто друго, реалноста е нешто друго. Кога пак зборуваме за реалноста, реалноста докажува дека Албанците се тука, се дел од оваа држава и дека нивната среќа ја бараат тука, токму во неа. Една реалност за Албанците, само еден пример и тоа според службената статистика која била неприфатлива за нашата партија и нашата пратеничка група, говори дека тие во Македонија се некаде 23%, покрај тоа што реков, многу докажаните факти дека тие се повеќе, но и за тоа ќе докаже времето во иднина.

Во овој момент не треба да се одбегне дилемата каде води овој предлог, дали се сака досегашните добри односи меѓу двете држави да се вратат наназад и да се влошуваат. Сосема е јасно дека овој предлог не е во интерес на Република Македонија, бидејќи сите знаеме и сите сме сведоци, тука во Македонија дека Албанија е земја која прва ја призна Република Македонија, како држава и како народ македонски што постои во Република Македонија.

Ако овој предлог што е предложен тука во Собранието, пред нас пратениците, не е мотивиран од некој политички маркетинг, тогаш се поставува прашањето, зошто истиот предлог за реципрочни права на малцинствата наменет само за меѓусебно потпишување со Албанија, не се предлага истото и за другите земји, уште повеќе кога се знае дека со Албанија, што се однесува до националните малцинства, за македонското национално малцинство кое живее во Република Албанија, не постојат никакви проблеми, а знаеме дека Албанија е единствениот сосед кој го призна македонското национално малцинство во сопствената земја. Од друга страна постојат огромни нерешени проблеми од овој вид, со Република Грција, Бугарија, со северниот сосед. Меѓутоа деструктивното ангажирање на предлагачот, докажува дека не се работи вистински за правата на македонското малцинство во Албанија, туку тука се работи за нешто друго, тоа е инструмент за ускратување на правата на Албанците во Република Македонија.

Јас тука би кажал само еден пример. Би кажал дека тука, всушност, предлагачот е само еден гласноговорник на МАНУ, која

поодамна и наложи на Владата како приоритетна задача да ја оствари платформата за остварување на реципроцитет на правата на малцинствата помеѓу Македонија и Албанија. Сега јас би поставил друго прашање. Зошто вие господине Андов, бидејќи мислите и сте убедени дека преку вашата иницијатива Албанците ќе бидат рамноправни со Македонскиот народ во Република Македонија, до ден денес јас немам слушнато и до ден денес не го покренавте гласот, Албанците во Македонија да бидат соодветно претставени или пропорционално во институциите на системот. Само за пример би ја земал МАНУ. Колку академици на Албанци, а да ги оставиме настрана академиците. Колку во тие служби во МАНУ има вработено Албанци. Или пак да го земете пример тоа што го наведов уште пред некој ден овде на говорница, Клиничкиот центар во Скопје, каде ќе можете на прсти да ги броите докторите Албанци и другите служби во Клиничкиот центар и многу други институции кои се наоѓаат во Република Македонија.

Од сето тоа може да се констатира дека во вашите глави се конструираат наопаку поставени идени, кои се насочени да ги влошат меѓунационалните односи во Република Македонија, со постапките кои водат кон скратување на правата на Албанците во Македонија. Но, треба да им биде јасно на сите оние, дека на Албанците во Македонија никој не ќе може да им ги скрати правата, а нашите проблеми се познати, отворените проблеми кои постојат. Меѓутоа, нив ги осеќаат врз своја кожа самите Албанци во Република Македонија. Не може нашите проблеми, проблемите на Албанците во Република Македонија да ги знае подобро нашата матична држава, туку сите наши проблеми ги знаеме ние подобро и ние ќе најдеме решение како тие да се решат. А ние и понатаму тврдиме, тоа сме го тврделе и порано дека сите проблеми кои се отворени ќе се обидеме да ги решиме во институциите на системот, ако има волја и желба за тоа, заедно со сите вас други. И сакаме, а не само дека сакаме туку и се чувствуваме како рамноправни граѓани на оваа држава и никако поинаку.

Од друга страна, додека постојат такви луѓе како предлагачот, кои сакаат да создадат вештачки проблеми, да знаете дека проблемите ќе немаат крај, ќе се отвори од еден проблем друг проблем итн. Затоа јас и од тука ќе му апелирам уште еднаш на предлагачот да го повлече овој предлог, бидејќи тоа ќе биде во интерес и на самата Македонска држава, тоа е во нејзин интерес, на неговата политичка партија, на него како пратеник, па и на сите нас тука во Република Македонија. Ние сме биле тие кои секогаш сме велеле дека отворените меѓунационални проблеми ќе се решаваат со дијалог, со толеранција, а ако бидеме принудени да се откажеме од тој пат за кој пат сме се определиле од почетокот на независноста на Република Македонија, тогаш сакале или не, некој ќе не одведе по алтернативни решенија.

Ние, воопшто пратениците, зборувам за мене и за нашата пратеничка група, не му го одрекуваме правото на предлагачот, на народот и на Македонската држава да се интересираат за македонското малцинство во соседните земји, па дури и во Република Албанија. Но тоа право треба да се побара во нивните држави, дека тоа македонско малцинство кое што живее во Република Албанија, исто како што ние ги знаеме нашите проблеми и тие самите подобро си ги знаат нивните проблеми, отколку што господинот предлагач ги знае нивните проблеми од тука. Од друга страна во никој случај не можеме да ги мериме со ист аршин Албанците во Република Македонија и Македонците во Република Албанија, пред се и поради нивниот број и покрај фактот што еден пратеник во ова Собрание искажа повеќе бројки за населеноста на македонското малцинство во Албанија. Јас тврдам дека тие не се точни.

Решавањето на тие проблеми има излез, меѓутоа на друг начин. И Македонија, па и сите земји околу нас, па и Република Албанија, сите претендираат да бидат членови на таа европска фамилија, таа европска куќа и мислам дека тука ќе треба да се најдат решенијата.

Јас овде во Собранието и пред некој ден и денес слушнав дека, еве македонското малцинство во Албанија нема свои претставници во Парламентот и дека не се политички организирани. Никој нив не ги брани политички да се организираат. А тоа што немаат политички претставници во Албанскиот парламент, тоа значи толкав е нивниот број, толку имаат гласачи и толкава е популацијата на Македонци што живеат во Република Албанија.

Од сето тоа што го кажав јас, сакам да кажам дека ние сме се ослободиле од некакви идеи кои ги наметнуваат некои пратеници тука. Но, едно треба да биде јасно за сите наши права што ни припаѓаат, ќе се потрудиме да ги освоиме тука каде што сме родени и живееме. А тоа, колку сме лојални кон оваа држава, бидејќи имаше

многу префрлувања од страна на неколку пратеници, ние тоа сме го докажале со нашето учество во институциите на системот.

Во овој Парламент имаше и критики од типот, еве повеќе ги браниме интересите на Албанија отколку на Македонија. Можам да кажам дека со нашето дејствување во институциите на системот, сме го докажале токму спротивното од тоа што го тврдат некои пратеници. Меѓутоа, тоа што излегуваме со факти, тоа е нешто друго.

На крајот на краиштата треба да се знае дека ние сме тука репрезенти на нашето гласачко тело и на секому треба да му биде јасно дека ние како прво ќе ги промовираме и браниме нивните интереси, но се разбира дека нема да ги маргинализираме и другите општи интереси.

Не може а да не се каже на ова Собрание дека овој предлог на господинот Андов во голема мера го иритираше нашиот електорат и мислам дека тоа не води кон подобрување на тие меѓунационални односи, туку води кон спротивното. Од тука јас апелирам и го молам ова Собрание да не се подели според етничка или национална припадност, бидејќи тоа не е добро за сите нас кои сме тука. Како Парламент некои работи треба да ги гледаме реално и да не ги поддржуваме парламентарните групи или поединци, пратеници, на кои единствената цел им е да добијат политички поени. Мислам, пак ќе повторам, овој предлог ќе ги влоши односите помеѓу две соседни земји, Република Македонија и Република Албанија кои две земји се европски ориентирани, покрај фактот што ние Албанците служиме како мост за добрите односи меѓу Македонија и Албанија. Повторувам дека овој Парламент сигурно може да се интересира за македонското малцинство што живее во соседните земји, било тоа во Албанија, Бугарија, северниот сосед и тн., Грција, меѓутоа тие права треба тоа малцинство што живее во соседните држави оно најдобро знае да ги бара нивните права таму каде што се родени и таму каде што живеат.

Ние немаме против и тоа би го кажал, дека господинот Андов треба да му помогне на македонското малцинство што живее во Република Албанија, во унапредувањето на нивните права и слободи, но во никој случај нема да дозволиме да се оствари реципроцитет во остварувањето на правата, што го предлага овој господин.

Претходниот дискутант кажа дека ова Собрание со мнозинство гласови може да донесе се, меѓутоа тоа не е така.

Од сето тоа произлегува дека овој предлог, по се изгледа има лоши намери кои се аналогни на ускратувањето на правата на Албанците во Република Македонија. Благодарам.

**ИЛЈАЗ ХАЛИМИ:**

Му благодарам на пратеникот Абдулади Вејсели.

Има збор пратеникот Исмет Рамадани.

Очигледно немаме кворум за да продолжиме со работа.

Ги молам службите да проверат колку пратеници има во салата.

Поради немање на кворум ја прекинувам денешната седница, а ќе продолжиме во четврток.

(Седницата заврши во 15,30 часот).